POINTPULSE
WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

ИЗВЕШТАЈ

# ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Компаративна анализа на анкетите за истражување на јавното мислење спроведени во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија

**септември, 2016.**

Публикацијата е поддржана од Европската унија.

Програма на Европската унија „Инструмент за граѓанско општество“ за граѓански организации.

# ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА

Компаративна анализа на анкетите за истражување на јавното мислење спроведени во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија

**ИЗДАВАЧ**

Белградски центар за безбедносна политика
Адреса: Ѓуре Јакшича 6/5, Белград
Тел: +381 11 3287 226
Е-пошта: office@bezbednost.org
www.bezbednost.org
www.pointpulse.net

**АВТОР**

Софија Мандиќ

**УРЕДНИК**

Саша Ѓорѓевиќ

**ПРЕВОДОТ**

Ана Стојиловска

**ДИЗАЈН**

ДТП Студио

Скопје, 2016.

# СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА ДИЈАГРАМИ ....................................................................................4**

**ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО ......................................................................................5**

**РЕЗИМЕ ..............................................................................................................6**

**ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ..........................................................................7**

Граѓаните имаат највисоко ниво на доверба во образовниот систем.....................................................7

Граѓаните на Црна Гора најмногу ѝ веруваат на полицијата ..............................................................9

**ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА........................................................................11**

Жените-полициски службеници се учтиви и убави...............................................................................11

Вработување во полиција преку пријатели и роднини .........................................................................12

Повеќето граѓани сметаат дека политичарите имаат влијание врз работата на полицијата .............16

**ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА..........................................................................18**

Судството е најкорумпирано..................................................................................................................18

Секој втор граѓанин во регионот смета дека полицијата е корумпирана ..........................................19

Граничната и сообраќајните полиција се најкорумпирани...................................................................20

**БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ...........................................................................22**

Граѓаните на Македонија со најголема волја да пријават случај на корупција .................................22

Потребни се строги казни за намалување на корупцијата ...................................................................25

Граѓанското општество треба да учествува во борбата против корупција.........................................27

**МЕТОДОЛОШКА РАМКА ..................................................................................29**

# ЛИСТА НА ДИЈАГРАМИ

Дијаграм 1: Институции во кои граѓаните на земјите од Западен Балкан имаат најголема доверба ..7

Дијаграм 2: Институции во кои граѓаните на Западен Балкан немаат доверба ..................................8

Дијаграм 3: Доверба на граѓаните во полицијата во регионот ..........................................................10

Дијаграм 4: Типична слика за жена-полициски службеник на граѓаните на Западен Балкан ..........11

Дијаграм 5: Типична слика за маж-полициски службеник на граѓаните на Западен Балкан ............12

Дијаграм 6: Што мислат граѓаните на западен балкан за начинот на вработување во полицијата ...13

Дијаграм 7: Што мислат граѓаните на западен балкан за начинот на вработување во полицијата (по земји) ........................................................................................................................................13

Дијаграм 8: Во чиј интерес делува полицијата најмногу (прв одговор)............................................14

Дијаграм 9: Во чиј интерес делува полицијата најмногу (повеќе одговори) ....................................15

Дијаграм 10: Во чиј интерес делува полицијата најмногу (по земји)................................................15

Дијаграм 11: Влијание на политика врз оперативната работа на полицијата ....................................16

Дијаграм 12: Влијание на политика врз оперативната работа на полицијата (по земји)...................17

Дијаграм 13: Однос помеѓу перцепцијата за доверба во полицијата и перцепцијата за корупција во полицијата ........................................................................................................................................19

Дијаграм 14: Најкорумпирани полициски сектори (3+4).........................................................................20

Дијаграм 15: Најмалку корумпирани полициски сектори (1+2) ........................................................21

Дијаграм 16: Волја да се пријави случај на корупција доколку се бараат лични податоци ..............22

Дијаграм 17: Волја да се пријави случај на корупција доколку се бараат лични податоци (по земји).. 23

Дијаграм 18: Волја да се пријави случај на корупција анонимно .....................................................23

Дијаграм 19: Пријавување на случај на корупција за полицијата (по земји) .....................................24

Дијаграм 20: Најчест избор за пријавување на случај на корупција за полицијата .........................24

Дијаграм 21: Најчест избор за пријавување на случај на корупција за полицијата (по земји) ..........25

Дијаграм 22: Најпотребни мерки за намалување на корупцијата во Западен Балкан ........................26

Дијаграм 23: Најпотребни мерки за намалување на корупцијата во Западен Балкан (по земји).......26

Дијаграм 24: Мислење на граѓаните на западен балкан за тоа кои се одговорни за борба против појава на корупција во полицијата ..........................................................................................................27

Дијаграм 25: Улогата на граѓанското општество во борбата против корупција.................................28

Табела 1: Најзначајните промени на доверба во институции во 2015 и 2016 година ..........................9

Табела 2: Распространетост на корупција во институциите во западен балкан.................................18

# ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Вториот круг на анкетата за истражување на јавното мислење "Мислењето на граѓаните за полицијата" беше спроведено во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија. Прашалникот врз која основа се спроведе анкетата за истражување на јавното мислење беше развиена од страна на регионалната мрежа ПОИНТПУЛС за да даде одговори за мислењето на граѓаните за полицијата. Прашалникот опфати шест групи на прашања:

1. Нивото на доверба на граѓаните во институциите;
2. Перцепцијата за полицијата како институција, но и за полициските службеници од двата пола како индивидуи;
3. Перцепцијата за корупција во општеството и во полицијата;
4. Мислења на граѓаните во однос на борбата против корупцијата;
5. Мислења на граѓаните за работата на граѓанските организации;
6. Демографски прашања.

Теренското истражување беше спроведено во април 2016 година од страна на ИПСОС Стратешки маркетинг на репрезентативен примерок од 6,000 возрасни лица, мажи и жени, граѓани на Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија. Како истражувачка алатка беше употребен прашалник. Во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Србија интервјуата беа направени со техниката „лице в лице“, што вклучува директен контакт со испитаниците, додека во Македонија беа направени телефонски интервјуа со техника наречена CATI.

Извештајот беше објавен како дел од проектот наречен "Пулсот за полициски интегритет и доверба на Западен Балкан", кој има за цел да придонесе кон зголемување на довербата во полицијата преку промовирање на нејзината отчетност и зајакнување на нејзиниот интегритет. За оваа цел, следните седум граѓански организации од регионот ја формираа ПОИНТПУЛС мрежата: Аналитика од Скопје, Белградскиот центар за безбедносна политика (БЦБП), Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН) од Белград, Центарот за безбедносни студии (ЦБС) од Сараево, Институтот Алтернатива (ИА) од Подгорица, Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Тирана и Косовскиот центар за безбедносни студии (КЦСС) од Приштина.

Проектот е поддржан од Европската унија преку програмата „Инструмент за граѓанско општество“ како дел од Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Содржината на овој извештај е во целосна одговорност на Белградскиот центар за безбедносна политика и ставовите во овој документ не значи дека ги одразуваат оние на Европската унија.

# РЕЗИМЕ


Граѓаните на Западен Балкан имаат високо ниво на доверба во образовниот систем, здравствениот систем и полицијата. Сепак, дури и во случај на институциите кои уживаат најголема доверба – како полицијата, која во просек има доверба од 58% од испитаниците - многумина сметаат дека не можат да се потпрат на овие институции. Најмалку доверба се има во претставничките органи (Парламентот), судството, обвинителството и медиумите. Во споредба со анкетата спроведена во 2015 година, довербата се зголемила во најклучните институции.

Испитаниците ја перципираат типичната жена-полициски службеник прво како учтива и убава, и дури потоа како професионалец подготвен да ја врши својата работа. Мажите-полициски службеници првенствено се опишувани со нивниот професионален ангажман – заштитата на граѓаните, некој кој е силен и доверлив – и до одреден степен со однесување и начин на комуникација, при што целосно отсуствуваат оценки за нивниот физички изглед.

Граѓаните на Западен Балкан сметаат дека доминантниот начин на вработување во полицијата е преку пријатели и роднини, политички врски или подмитување. Многумина исто така сметаат дека полициските службеници воглавно делуваат како средство за заштита на интересите на Владата, политичките партии и полициските службеници, а дури потоа дека ги заштитуваат интересите на граѓаните. Слично, тие сметаат дека политичарите имаат големо влијание врз секојдневното одлучување во полицијата.

Иако повеќе од половина од испитаниците имаат доверба во полицијата, оваа институција истовремено се смета за многу корумпирана. Ова укажува дека корупцијата се смета за нешто прифатливо и нормално. Свеста за корупцијата во полицијата постои заедно со чувство на доверба, без овие две перцепции да се исклучуваат меѓусебено. Се смета дека граничната и сообраќајната полиција се најкорумпирани, заедно со блиските (политички) соработници на министрите за внатрешни работи. Специјалните полициски единици се сметаат за најмалку ранливи на корупција.

Граѓаните имаат поделени мислења за тоа дали би пријавиле или не би пријавиле случај на корупција, а оние кои би пријавиле прво би ја контактирале локалната полициска станица или нејзиниот командир. Граѓаните сметаат дека репресивните мерки би биле најефективни за спречување на корупција. Тие исто така сметаат дека Владата, министерот за внатрешни работи и внатрешната контрола на полицијата треба да се првите институции кои треба да се справат со овој проблем.

Испитаниците го препознаваат граѓанското општество како актер во борбата против корупција, но претежно како директен актер и соработник на државата во оваа задача. Дури потоа испитаниците го препознаваат придонесот на граѓанското општество преку истражување, документација и заштита на жртвите од корупција.

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

## Граѓаните имаат највисоко ниво на доверба во образовниот систем

Почетокот на анкетата имаше за цел да го утврди нивото на доверба на граѓаните во институциите со кои најчесто се во контакт и кои најчесто им се потребни во секојдневниот живот. Тие се образовниот систем, здравствениот систем, судството, локалните власти, полицијата и царината. Освен тоа, институции со кои граѓаните се поретко или индиректно во контакт се претставничките органи (Парламентот), медиумите, невладините организации, механизмите за справување со корупцијата, обвинителството и пазарната инспекција. Сите овие заедно ја сочинуваат основата на системот кој треба да ги информира граѓаните, да им пружа специфични услуги, или да ги заштитува кога има потреба.

ДИЈАГРАМ 1: ИНСТИТУЦИИ ВО КОИ ГРАЃАНИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ИМААТ НАЈГОЛЕМА ДОВЕРБА

П: Колку им верувате на следниве институции? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на конкретната институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате и 4 дека потполно ѝ верувате на таа институција




Граѓаните на Западен Балкан дадоа скоро сосема исти одговори кога се работи за доверба во институциите (Дијаграм 1). Ги наведуваат образованието, здравството, полицијата и локалната власт како институции во кои имаат најголема доверба. Без исклучок образованието е институција која ужива најголема доверба и нивото на доверба е најголемо во Црна Гора (71%) и Србија (68%).

Сепак, потребно е да се земе предвид фактот дека и покрај тоа што здравството, полицијата и локалната власт уживаат најголема доверба, сепак значаен број на граѓани немаат доверба во овие институции. Добар пример е полицијата, која во просек ужива доверба од 58% од испитаниците во регионот. Сепак, над 40% од испитаниците не го делат ова мислење, што не дава задоволителна слика.

Исто така има високо ниво на консензус кога се работи за рангирање на институциите во кои граѓаните имаат најмала доверба. Отсуствува доверба во политичките институции, т.е. оние кои треба да работат независно и/или самостојно. Затоа има високо ниво на недоверба во Парламентот, судството, обвинителство и медиумите (Дијаграм 2).

**ДИЈАГРАМ 2: ИНСТИТУЦИИ ВО КОИ ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН НЕМААТ ДОВЕРБА**

П: Колку им верувате на следниве институции? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на конкретната институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате и 4 дека потполно ѝ верувате на таа институција.




Овие се истовремено институциите за кои секој трет граѓанин смета дека се многу корумпирани. Комплексноста на овој резултат е дополнително усложнета со фактот дека овие институции треба да се оние кои примарно се вклучени во спречување и борба против корупција. Ова се однесува особено на судството и обвинителството, како и на медиумите бидејќи играат важна улога во обелоденување на случаи на корупција. Во однос на овие институции ситуацијата во Црна Гора е поразлична. Во оваа држава иако недовербата е голема, таа е значително помала од онаа во другите држави – помала од 50% за сите наведени институции.

Во однос на најголемите промени во споредба со 2015 година, институциите направиле најзначаен напредок во очите на граѓаните на Косово, Босна и Херцеговина и Србија, додека мали промени во довербата се забележани во Црна Гора (Табела 1). Албанија и Македонија не беа вклучени во истражувањето во 2015 година.

ТАБЕЛА 1: НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРОМЕНИ НА ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

П: Колку им верувате на следниве институции? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на конкретната институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате и 4 дека потполно ѝ верувате на таа институција.

| | Година | Србија | Црна Гора | БиХ | Косово |
|---|---|---|---|---|---|
| Образование | 2015 | 60 | 72 | 56 | 56 |
| | 2016 | 68 | 72 | 62 | 66 |
| Полиција | 2015 | 52 | 58 | 54 | 56 |
| | 2016 | 54 | 62 | 60 | 66 |
| Здравство | 2015 | 45 | 55 | 46 | 47 |
| | 2016 | 57 | 63 | 55 | 51 |
| Медиуми | 2015 | 31 | 50 | 48 | 41 |
| | 2016 | 38 | 51 | 50 | 55 |
| Општинска/ градска | 2015 | 39 | 52 | 46 | 35 |
| | 2016 | 43 | 51 | 51 | 53 |
| Граѓанско општество | 2015 | 31 | 55 | 49 | 38 |
| | 2016 | 37 | 47 | 53 | 53 |
| Царина | 2015 | 36 | 50 | 37 | 32 |
| | 2016 | 40 | 46& | 40 | 43 |
| Обвинителство | 2015 | 36 | 45 | 30 | 26 |
| | 2016 | 42 | 59 | 36 | 38 |
| Агенција за борба против корупција | 2015 | 42 | 40 | 40 | 28 |
| | 2016 | 43 | 44 | 38 | 38 |
| Судство | 2015 | 33 | 44 | 32 | 27 |
| | 2016 | 41 | 48 | 39 | 36 |
| Пазарна инспекција | 2015 | 28 | 42 | 28 | 26 |
| | 2016 | 36 | 45 | 36 | 38 |
| Парламент | 2015 | 34 | 46 | 27 | 22 |
| | 2016 | 40 | 46 | 32 | 31 |

# Граѓаните на Црна Гора најмногу ѝ веруваат на полицијата

Во однос на доверба во полицијата во Западен Балкан, таа се пласираше на второ место со 58%, веднаш зад образованието. По нив следат здравството, медиумите, локалните власти, невладините организации и царината – сите уживаат доверба од повеќе од 40% од испитаниците. По земји, одговорите на испитаниците се изненадувачки слични. Граѓаните на Црна Гора (62%) и Босна и Херцеговина (60%) имаат малку поголема доверба во полицијата. Граѓаните на Србија и Албанија (54 и 56%) имаат најниско ниво на доверба во полицијата во регионот, додека довербата на испитаниците во Косово и Македонија е со средна вредност -59%. (Дијаграм 3).

**ДИЈАГРАМ 3: ДОВЕРБА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПОЛИЦИЈАТА ВО РЕГИОНОТ**

П: Колку им верувате на следниве институции? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на конкретната институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате и 4 дека потполно ѝ верувате на таа институција.



# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Жените-полициски службеници се учтиви и убави

Анкетата покажува дека повеќе од половина од испитаниците од Западен Балкан имаат доверба во полицијата како институција. На ова мислење се надополнуваат описите за типичните полициски службеници од двата пола. Бидејќи прашањето беше од отворен карактер, испитаниците дадоа многу различни одговори. Сепак, некои од одговорите беа почесто споменати од други.

За описот на жена-полициски службеник во директен контакт со граѓаните, испитаниците просечно (десет најбројни одговори) рекоа дека таа е учтива/пријатна/срдечна (17%); убава/добро изгледа/шармантна (16%); дека асоцира на нешто позитивно (11%); дека би помогнала и е културна (10%). Жените-полициски службеници се сметаат за способни/ефикасни на работа (10%), храбри (9%) и професионални (9%). Доколку се погледнат просечните одговори, може да се забележи дека професионалната работа на жените во полиција и нивната деловна подготвеност не се во преден план, туку на прво место се нивниот физички изглед и однесување (Дијаграм 4).

ДИЈАГРАМ 4: ТИПИЧНА СЛИКА ЗА ЖЕНА-ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК НА ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

П: Кога ќе помислите на жена-полициски службеник, која е во директен контакт со граѓаните, како би ја опишале? Наведете неколку карактеристики (придавки) кои сметате дека најдобро ја опишуваат типичната жена-полициски службеник.




Описите главно се совпаѓаат со традиционалното и стереотипното мислење за жените во јавната служба – дека тие се учтиви, пријателски расположени и убаво изгледаат. Добрата страна на оваа перцепција е очигледно добрата слика на граѓаните за жените-полициски службеници (бидејќи споменатите изрази за нив беа несомнено позитивни); сепак, јавното мислење треба

да биде насочено кон професионалната подготвеност и вештините на жените вработени во полицијата. Друг добар наод е дека е занемарлив бројот на одговори на испитаниците кои ги поврзуваат негативните изрази како корупција, непрофесионалност и агресивност со жените-полициски службеници.

Ситуацијата е сосема различна кога се работи за типичен полициски службеник од машки пол. Според десетте најчести одговори, мажите-полициски службеници се перципирани претежно во однос на нивната работа, без споменување на нивниот физички изглед (Дијаграм 5). Описите за нивното однесување се во значително помал број на одговори од оној во случајот на жените-полициски службеници. Исто така, има голема разлика меѓу перцепцијата за појава на корупција кај полициските службеници од двата пола – во сите земји просечно 11% од испитаниците сметаат дека мажите-полициски службеници се корумпирани. Во случајот со жените-полициски службеници, овој одговор се појавува во помалку од 1% од случаите, додека во случајот со мажите корумпиран претставува најчестата поединечна асоцијација.

ДИЈАГРАМ 5: ТИПИЧНА СЛИКА ЗА МАЖ-ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК НА ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

П: И кога ќе помислите на типичен полициски службеник, полициски службеник кој е во директен контакт со граѓаните, како би го опишале? Наведете неколку атрибути (придавки, зборови) кои сметате дека најдобро го опишуваат типичниот полициски службеник.




# Вработување во полиција преку пријатели и роднини

Во однос на вработување во полицијата, испитаниците во просек се согласија со проценката дека истото е можно само со помош на пријатели или роднински врски (41%), политички врски (39%) и преку подмитување (14%). Во просек, две од пет лица (39%) сметаат дека вработувањето во полицијата е можно преку јавен конкурс (Дијаграм 6). Исто така, околу 15% од испитаниците споменаа друг начин на вработување, додека значаен дел - 11% одговорија дека не го знаат одговорот на ова прашање.

**ДИЈАГРАМ 6: ШТО МИСЛАТ ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА НАЧИНОТ НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈАТА**

П: Што мислите како се избираат и вработуваат кандидатите за работа во полицијата?




Доколу се анализираат мислењата за вработување во регионот по земја, може да се забележи дека ситуацијата е значително различна само во Косово и Албанија каде повеќе од половина од испитаниците сметаат дека е можно вработување во полицијата преку јавен конкурс. Доста алармантно е што иако повеќе од половина од испитаниците во регионот имаат доверба во полицијата, испитаниците од Црна Гора, Србија, Македонија и Босна и Херцеговина сметаат дека вработувањето во полицијата не се темели врз професионалните квалитети на кандидатите и дека истото главно се одвива на нелегален начин (Дијаграм 7).

**ДИЈАГРАМ 7: ШТО МИСЛАТ ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА НАЧИНОТ НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈАТА (ПО ЗЕМЈИ)**

П: Што мислите како се избираат и вработуваат кандидатите за работа во полицијата?



Сепак, бидејќи испитаниците можеа да дадат повеќе од еден одговор на ова прашање, дури и Косово и Албанија, каде повеќе од половина од испитаниците веруваат во вработување преку јавен конкурс, истовремено дадоа други одговори кои упатуваат на вработување преку лични врски. Оттука се заклучува дека најголемиот број на испитаници всушност сметаат дека за вработување во полицијата, треба да се конкурира на јавен конкурс, но исто така треба да се има лични врски или да се понуди мито.

## Зголемен бројот на мислења дека полицијата делува како сервис на граѓаните

Граѓаните на Западен Балкан сметаат дека полицијата работи во интерес на граѓаните (43%), по што следат интересите на Владата (25%), политичките партии (21%) и службени лица во полицијата (11%) (Дијаграм 8).

Иако одговорите по земји укажуваат дека прво рангирано е мислењето дека полицијата работи во интерес на граѓаните, доколку се погледнат поопштите трендови, мнозинството од испитаниците смета дека полицијата всушност делува во служба на другите меѓусебно поврзани чинители – Владата, политичките партии кои ја сочинуваат Владата, и индивидуи во полицијата. Доколку се соберат сите овие одговори, станува јасно дека мнозинството смета дека граѓаните се во преден план на полицијата. (Дијаграм 8 и Дијаграм 9).

ДИЈАГРАМ 8: ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ДЕЛУВА ПОЛИЦИЈАТА НАЈМНОГУ (ПРВ ОДГОВОР)

П: Во кој од следниве својства најмногу делува полицијата и во кои својства најмалку делува– како сервис на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?



#### ДИЈАГРАМ 9: ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ДЕЛУВА ПОЛИЦИЈАТА НАЈМНОГУ (ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

П: Во кој од следниве својства најмногу делува полицијата во кои својства најмалку делува– како сервис на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?




Доколку се споредат одговорите по земји, има големи разлики само во Албанија и Косово, каде 55% и 56% од испитаниците сметаат дека полицијата примарно работи во интерес на граѓаните (Дијаграм 10). Резултатите од анкетата од 2016 година покажуваат дека има зголемување од околу 10% на мислењето дека полицијата работи како сервис на граѓаните во сите анкетирани земји.

#### ДИЈАГРАМ 10: ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ДЕЛУВА ПОЛИЦИЈАТА НАЈМНОГУ (ПО ЗЕМЈИ)

П: Во кој од следниве својства најмногу делува полицијата и во кои својства најмалку делува– како сервис на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?



# Повеќето граѓани сметаат дека политичарите имаат влијание врз работата на полицијата

На прашањето дали сметаат дека политичарите имаат влијание врз оперативната (дневна) работа на полицијата, испитаниците од сите шест земји одговорија исто. 68% сметаат дека постои такво влијание, додека помалку од една третина (26%) сметаат дека не постои (Дијаграм 11). Ова информација е загрижувачка бидејќи должност на полицијата е да работи во согласност со законот и професионалните стандарди на полицијата во нивната дневна работа – со цел заштита на граѓаните.

ДИЈАГРАМ 11: ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИКА ВРЗ ОПЕРАТИВНАТА РАБОТА НА ПОЛИЦИЈАТА

П: Што мислите, до кој степен политичарите имаат влијание врз оперативната работа на полицијата?




Сепак, перцепцијата на испитаниците не е изненадување доколку ја споредиме со податоци за мислењето за вработувањето во полицијата и со мислењето за тоа во чиј интерес делува полицијата. При споредба на овие податоци, се добива јасна слика за институција која е длабоко политизирана и за која обезбедување на граѓаните и работа во нивна корист не е нејзина примарна задача.

Доколку се анализираат резултатите по земји, повеќе од половина од испитаниците исто така сметаат дека постои големо влијание на политиката врз оперативните одлуки во полицијата. Ова мислење особено е нагласено во Албанија (79%), Србија (76%) И Босна и Херцеговина (72%) (Дијаграм 12).

ДИЈАГРАМ 12: ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИКА ВРЗ ОПЕРАТИВНАТА РАБОТА НА ПОЛИЦИЈАТА (ПО ЗЕМЈИ)

П: Што мислите, до кој степен политичарите имаат влијание врз оперативната работа на полицијата?



# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА

## Судството е најкорумпирано

Според мислењата на граѓаните на Западен Балкан, судството, здравството, царината, обвинителство, полицијата, пазарната инспекција, локалните власти и Парламентот се најкорумпираните, и повеќе од 40% од испитаниците сметаат дека истите се корумпирани. Остатаните четири институции – медиумите, невладините организации, државните власти надлежни за борба против корупција и образовните институции се сметаат за корумпирани од страна на нешто помал број на испитаници (повеќе од 30%). Оттука се добива слика дека граѓаните сметаат дека институциите се многу корумпирани. Овие се истовремено најважните институции, бидејќи квалитетот на животот на граѓаните, нивната безбедност, и најважно – нивната основна егзистенција зависат од соодветно функционирање на овие институции. Единствена разлика во перцепцијата за корупција во шесте анкетирани земји се однесува на нивото на корупција (Табела 2).

**ТАБЕЛА 2: РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА КОРУПЦИЈА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донекаде распространета и 4 дека е распространета во најголема мера.

| | Просек | Србија | Црна Гора | БиХ | Македонија | Албанија | Косово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судство | 66 | 72 | 52 | 65 | 67 | 79 | 61 |
| Здравство | 64 | 77 | 57 | 61 | 58 | 73 | 56 |
| Царина | 63 | 73 | 57 | 62 | 61 | 71 | 53 |
| Обвинителство | 62 | 66 | 45 | 63 | 62 | 76 | 63 |
| Пазарна инспекција | 61 | 69 | 55 | 63 | 62 | 62 | 54 |
| Парламент | 59 | 55 | 40 | 64 | 58 | 75 | 63 |
| Полиција | 59 | 72 | 55 | 62 | 58 | 62 | 42 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општинска/градска администрација** | 54 | 65 | 44 | 61 | 54 | 55 | 43 |
| **Медиуми** | 49 | 61 | 40 | 49 | 58 | 44 | 42 |
| **Образование** | 48 | 55 | 41 | 50 | 52 | 52 | 38 |
| **Агенција за борба против корупција** | 47 | 49 | 35 | 46 | 55 | 51 | 47 |
| **Граѓанско општество** | 39 | 49 | 33 | 37 | 47 | 38 | 33 |

# Секој втор граѓанин во регионот смета дека полицијата е корумпирана

Доста интересен е односот помеѓу перцепцијата за распространета корупција и перцепцијата за доверба во институциите. Повеќе од половина (58%) од испитаниците во Западен Балкан имаат доверба во полицијата како институција, додека истовремено секој втор граѓанин смета дека полицијата е корумпирана (Дијаграм 13).

ДИЈАГРАМ 13: ОДНОС ПОМЕЃУ ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА ДОВЕРБА ВО ПОЛИЦИЈАТА И ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА




Овој феномен може да се објасни со фактот дека корупцијата е длабоко вкоренета во сите земји во кои е направена анкетата; довербата во најважните институции и свеста за нивната корупција се истовремено присутни без да се исклучуваат меѓусебено.

Сосема е можно испитаниците да ја темелат својата доверба на фактот дека самите исто така имаат влијание врз корумпираните институции како договори во рамките на системот или доволно пари за обезбедување на одредени услуги.

Исто така, можно е неколку испитаници да не ја сметаат корупцијата за нешто негативно – што е претпоставка врз која се темели оваа анализа. Ова се потврдува со податоците за појавата на корупција во полицијата од анкетата од измината година, кога просечно 68% од испитаниците во Западен Балкан одговорија дека корупцијата е нормална појава во општеството и дека ја има секаде.

Значи, ако корупцијата не е негативен феномен, тогаш податоците за истовремено свест за појава на корупција и доверба во полицијата не се изненадување. Сепак, треба подетално да се истражат можни причини за таков резултат.

## Граничната и сообраќајните полиција се најкорумпирани

Граѓаните во регионот се согласуваат дека граничната и сообраќајната полиција се најкорумпирани, заедно со блиските соработници на министерот за внатрешни работи (донесувачите на одлуки) (Дијаграм 14). При споредба на резултатите по земји, перцепцијата за појава на корупција во овие полициски сектори, иако е висока, најниска е во Косово и највисока во Србија, особено за сообраќајната полиција (76%).

ДИЈАГРАМ 14: НАЈКОРУМПИРАНИ ПОЛИЦИСКИ СЕКТОРИ (3+4)

П: Колку е распространета корупцијата во следниве полициски сектори? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донекаде распространета и 4 дека е распространета во најголема мера.



Очигледно, постои впечаток дека полициските службеници од најнизок ранг, оние кои најчесто се во контакт со граѓаните, дека се истовремено најкорумпирани. Исто така постои впечаток дека има корупција кај полициските службеници од највисок ранг, што остава малку простор за надеж дека работите ќе се подобрат. Кој може да иницира промена доколку системот е корумпиран и во своите највисоки и најниски редови?

Испитаниците исто така се согласуваат дека вработените во специјалните единици се најмалку склони на корупција (Дијаграм 15). Ова мислење може доаѓа од фактот дека вработените во овие единици имаат специјални вештини и тренинг и дека затоа се сметаат за многу професионални единици каде не може се вработува преку лични или политички врски (што е доминантното мислење за вработување во полицијата). Исто така, обичните граѓани обично немаат контакт со овие единици.

Оваа перцепција за неподмитливост може да се искористи за да се промени перцепцијата за полицијата дека е корумпирана преку примена на високи стандарди за тренинг и критериуми за вработување и во другите полициски сектори. Иако испитаниците искажаа највисоко ниво на доверба во однос на неподмитливоста на овие единици, истата се разликува од земја до земја – нивото на доверба е највисоко во Албанија (65%) и најниско во Србија и Македонија (49%).

ДИЈАГРАМ 15: НАЈМАЛКУ КОРУМПИРАНИ ПОЛИЦИСКИ СЕКТОРИ (1+2)

П: Колку е распространета корупцијата во следниве полициски сектори? Одговорете користејќи скала од 1 до 4, при што: 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донекаде распространета и 4 дека е распространета во најголема мера.




Ако се споредат овие резултати со оние од 2015 година, очигледно е дека перцепцијата за појава на корупција во одделите полициски сектори значително се намалила во Косово (со исклучок на граничната полиција, за која резултатот е непроменет), и дека перцепцијата за појава на корупција во сообраќајната полиција во Србија значително се зголемила (од 39 на 52%).

# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

## Граѓаните на Македонија со најголема волја да пријават случај на корупција

Испитаниците имаа поделени мислења за прашањето дали би пријавиле случај на корупција за полицијата (на пример, ако од нив се бара мито) ако треба да се идентификуваат (т.е. да ги дадат своите лични податоци). Скоро половина од испитаниците (47%) би пријавиле случај на корупција, 46% не би пријавиле, додека 7% не сакаа да дадат мислење за ова прашање (Дијаграм 16).

**ДИЈАГРАМ 16: ВОЛЈА ДА СЕ ПРИЈАВИ СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ДОКОЛКУ СЕ БАРААТ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

П: Дали би пријавиле случај на корупција за полицијата (ако од вас се бара мито) доколку треба да ги дадете своите лични податоци (единствен матичен број, адреса итн.)?




При споредба на одговорите, граѓаните на Македонија се оние кои имаат најголема волја да пријават случај на корупција (76%) а најмала волја имаат граѓаните на Србија (34%) (Дијаграм 17). Истовремено, Македонија има најмал број на испитаници кои одбиле да одговорат на ова прашање (само 0.9%), додека во други земји одбивањето да се одговори на ова прашање изнесува од 6 до 8%.

#### ДИЈАГРАМ 17: ВОЛЈА ДА СЕ ПРИЈАВИ СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ДОКОЛКУ СЕ БАРААТ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (ПО ЗЕМЈИ)

П: Дали би пријавиле случај на корупција за полицијата (ако од вас се бара мито) доколку треба да ги дадете своите лични податоци (единствен матичен број, адреса итн.)?




Кога се работи за анонимно пријавување на случај на корупција, интересно е да се наведе дека просечно помалку испитаници би избрале да пријават случај на корупција на овој начин отколку кога треба да оставаат лични податоци (Дијаграм 18). Ако се погледнат одговорите по земји, може да се види дека анонимното пријавување најмногу би ги демотивирало граѓаните на Црна Гора (намалување од 37 на 19%) и на Македонија (намалување од 76 на 43%) (Дијаграм 19). Нема значителни промени во одговорите на ова прашање во врска со резултатите од 2015 година, освен во случајот на Црна Гора каде подготвеноста да се пријави случај на корупција значително се намалила и во случајот на потребна идентификација (од 47 на 38%) и во случај на анонимно пријавување (од 35 на 19%).

#### ДИЈАГРАМ 18: ВОЛЈА ДА СЕ ПРИЈАВИ СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА АНОНИМНО

П: Дали би пријавиле случај на корупција за полицијата доколку не треба да ги давате личните податоци?



**ДИЈАГРАМ 19: ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА (ПО ЗЕМЈИ)**




Оние кои би пријавиле случај на корупција, тоа главно би го направиле во најблиската полициска станица (31%) или кај нејзиниот командир (14%). Следна институција од доверба е Агенцијата за борба против корупција (16%), по која следат медиумите (15%) и внатрешната контрола на полицијата (11%) (Дијаграм 20).

**ДИЈАГРАМ 20: НАЈЧЕСТ ИЗБОР ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА**

П: Каде прво би пријавиле случај на корупција за полицијата? Каде на друго место?




Овие резултати покажуваат дека над 40% од испитаниците би пријавиле случај на корупција во полицискиот сектор со кој најчесто се среќаваат и кој им е најпознат. Ова може да е знак на доверба и може да укажува на ефикасност на најнискиот ранг на полицијата, но може да значи дека испитаниците не се запознаени со други механизми. Ако се погледне по земји, локалната полиција во Косово, албанските медиуми, агенциите за борба против корупција во Србија и Босна и Херцеговина и внатрешната контрола на полицијата во Црна Гора се наведени како институции кои би биле од помош за спречување на корупција (Дијаграм 21).

**ДИЈАГРАМ 21: НАЈЧЕСТ ИЗБОР ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА (ПО ЗЕМЈИ)**

П: Каде прво би пријавиле случај на корупција за полицијата? Каде на друго место?




# Потребни се строги казни за намалување на корупцијата

На прашањето со кои мерки најдобро би се спречила појава на корупција во полицијата, испитаниците најчесто се согласија дека тоа се репресивни мерки – построги казни за сторителите (20%) и казнување на корумпираните инспектори во полицијата (18%). По овие мерки следеа мерки кои не се репресивни како зголемување на платите на полициските службеници (13%), поттикнување на граѓаните да пријавуваат случај на корупција (12%) и политичка волја да се реши проблемот (10%). Формирање на нови тела за спречување на корупција (8%) и зајакнување на внатрешната контрола на полицијата (8%) беа последни на листата (Дијаграм 22).

Кога се работи за спречување на корупција, испитаниците пред сè сметаат дека Владата е одговорна за борба против корупција (23%). Потоа следи внатрешната контрола (16%), министерот за внатрешни работи (13%) и Агенцијата за борба против корупција (10%). Овие податоци покажуваат дека граѓаните ја сметаат корупцијата за проблем кој е тесно поврзан со политиката и волјата за спречување на истата (Владата и министерот за внатрешни работи се рангирани први од страна на 36% од испитаниците). Улогата на професионалните тела како обвинителството во спречување на корупција е идентификувана од само 6.5% од испитаниците (Дијаграм 24). Ова може да се поврзе со недовербата во оваа институција искажана во одговорите од првиот дел на анкетата.

Резултатите по земји се малку различни. Репресивните решенија се сметаат за повеќе пожелни во Србија, Албанија и Косово, додека улогата на медиумите, поттикнувањето на пријавување на случаи на корупција и зголемување на платите на полициските службеници се поважни за граѓаните на Црна Гора, Босна и Херцеговина и Македонија (Дијаграм 23).

## ДИЈАГРАМ 22: НАЈПОТРЕБНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

П: Што сметате дека е најпотребно за спречување на појава на корупција во полицијата?




## ДИЈАГРАМ 23: НАЈПОТРЕБНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН (ПО ЗЕМЈИ)

П: Што сметате дека е најпотребно за спречување на појава на корупција во полицијата?



ДИЈАГРАМ 24: МИСЛЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ТОА КОИ СЕ ОДГОВОРНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Погледнете ја следнава листа на институции и кажете која институција треба прва да се бори против појава на корупција во полицијата.




## Граѓанското општество треба да учествува во борбата против корупција

Испитаниците на различни начини ја гледаат улогата на граѓанското општество во борбата против корупцијата. Сепак, најчестите одговори укажуваат дека граѓаните очекуваат невладините организации да бидат директно вклучени во борбата против корупција (28%), да соработуваат со државата во борбата против корупција (27%), и дури како следна опција да истражуваат и да предложуваат препораки за борбата против корупција (17%) и да им даваат помош на жртвите на корупција (11%) (Дијаграм 25).

Овие анкетни резултати укажуваат дека граѓаните ги гледаат невладините организации како активни учесници во спречување и борба против корупција, и во справување со нејзините последици. Бидејќи е најчест одговорот дека невладините организации треба директно да се вклучат во борбата против корупција, постои впечаток дека исто така има очекување дека невладините организации треба да бидат носители на активности кои се во надлежност на државните институции.

Овие резултати скоро целосно се поклопуваат со оние од 2015 година со малку повисока поддршка за соработката помеѓу граѓанскиот сектор и државата во Косово (25% наспроти 16% од изминатата година) и во Босна и Херцеговина (25% наспроти 15% од изминатата година).

ДИЈАГРАМ 25: УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

П: Луѓето имаат различни мислења за улогата на невладините организации во борбата против корупција. Што сметате Вие, која улога треба да ја имаат невладините организации во борбата против корупција?



# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

| | |
|---|---|
| **Локација** | Албанија |
| **Начин на собирање податоци** | Лице в лице во домовите на испитаниците |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Албанија, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Албанија за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

| | |
|---|---|
| **Локација** | Босна и Херцеговина |
| **Начин на собирање податоци** | Лице в лице во домовите на испитаниците |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Босна и Херцеговина, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Босна и Херцеговина за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

| | |
|---|---|
| **Локација** | Црна Гора |
| **Начин на собирање податоци** | Лице в лице во домовите на испитаниците |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Црна Гора, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Црна Гора за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

| | |
|---|---|
| **Локација** | Косово |
| **Начин на собирање податоци** | Лице в лице во домовите на испитаниците |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Косово, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Косово за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

| | |
|---|---|
| **Локација** | Македонија |
| **Начин на собирање податоци** | Телефонски интервјуа со техника наречена CATI |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Македонија, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Македонија за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

| | |
|---|---|
| **Локација** | Србија |
| **Начин на собирање податоци** | Лице в лице во домовите на испитаниците |
| **Популациска рамка** | Граѓани на Србија, мажи и жени, 18 години и постари, кои имаат постојано живеалиште на територијата на Србија за време за спроведување на анкетата |
| **Големина на примерокот** | 1,000 |
| **Вид на примерокот** | Трифазен случаен репрезентативен стратифициран примерок |
| **Стратификација** | По регион, тип на населба, пол, возраст и ниво на образование |
| **Грешка** | ±3.31% |

POINTPULSE

WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

twitter.com/POINTPULSEnet

facebook.com/POINTPULSEnet/

CIVIL SOCIETY NETWORK DEDICATED
TO OVERSIGHT OF POLICE INTEGRITY.